# ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПРИМЕНАТА НА РЕГУЛАТИВАТА ЗА МЕТОДОЛОГИЈАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АДЕКВАТНОСТА НА КАПИТАЛОТ

Регулативата за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот ги опфаќа Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 47/12, 50/13 и 71/14) и Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 63/12, 109/12 и 106/15).

## Капитал потребен за покривање на валутниот ризик

1. Каков е регулаторниот третман на договорите за денарски кредити со опциона девизна клаузула?

**Одговор:** Договорите за денарски кредити со опциона девизна клаузула, односно со клаузула којашто ќе предизвика пресметка на курсна разлика по настанување позначителна промена на вредноста на денарот, согласно со регулативата за управување со валутниот ризик, не се вклучуваат во пресметката на отворената девизна позиција на банката. Од друга страна, овие кредити се дел од пресметката на капиталот потребен за покривање на валутниот ризик, согласно со точката 107 став 2 од Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот, што е подетално регулирано во Упатството за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за методологијата за утврдување на адекватноста на капиталот („Службен весник на Република Македонија" бр. 106/15).